# Не ја крши гранката на која седиш

Живееме во разновидно општество, кое е полно  со диверзитет. Разликите може да се приметат во секоја сфера, почнувајки од самото население како група па и од поединецот како една индивидуа.

За да еден човек може да успее, а и да опстане, во едно општество пожелно е и потребно е да биде припадник на една група. Таквите групи најчесто се сочинуваат од некои си истомисленици, кои случајно или не случајно имаат и слична позадина. Честопати, таквата позадина е од важно значење и дефинира кој може и кој не може да биде припадник на конкретната група. Пример кој што исто така е премногу застапен, а воедно и се однесува за групите на луѓе, е корумпираноста. Сите сме свесни како работите функционираат во ова денешно опстество во кое живееме. Општество во кое презимето вреди повеќе од дипломата и знаењето кое некој го стекнал. Всушност и самата таа диплома неретно е “купена”, но и онака, без и со неа си никој и ништо; бидејќи секако дека таа диплома нема да го овозможи работното место за кое сме се надевале, учеле и вложувале во себе. Но, врските и партиските книшки се тука на располагање. Живееме во време кое не осудува на пропаст. Велат надежта последна умира, но во оваа наша држава не остана ни трунка надеж за “обичниот смртник”. Тука, поединецот се гордее со “демократијата” во која живее, а свесно или не, сведочи и затвара очи пред диктатурата која повисокиот му ја вметнува.

Колку и да се трудиме секогаш ќе постои некој кој ќе го добие полесниот пат. Но и покрај сите лоши страни на секојдневиeто, мораме да се трудиме за нас и за општеството бидејќи само така може да дојде до промена.

Николина Стојановска 9б одд